Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познати подносители, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

**Одлука**

Претставката заведена под број 12-560/1 од 04.02.2024 година, со наводи против ______ ________ претседател на Основниот суд ________, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за свое надлежно постапување.

Предметот со број 12-560/1 од 04.02.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 04.02.2021 година, поднесена е претставка со наводи против ______ ________, претседател на Основниот суд од _______, при што оформен е предмет со број 12-560/1 од 04.02.2021 година.

Во доставената претставка подносителот наведува на непрофесионално, незаконито и нестручно работење и вршење на судиската функција. Посочува на донесена судска пресуда наводно по нарачка на тужителот, а сето тоа заради остварување, прибавување и присвојување материјална корист од водењето на судската постапка.

Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности.

Врз основа на наведеното, а имајќи предвид дека согласно член 62 од Законот за судски совет, Советот поведува постапка за утврдување на одговорност на судија доколку оцени дека има основ за тоа, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Дополнително се упатува странката на можноста своето право си го оствари преку поведување постапка до Судскиот совет на РСМ заради утврдување на одговорност на судија.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Одобрил: Г.Т., член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска